Врз основа на чл. 36 став (1) т. 15, а во врска со чл.21 став (1) и чл.22 став(1) т.5 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), чл. 7 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/98; 49/03; 82/05; 24/07; 116/10; 47/11; 51/11; 136/12; 23/13; 187/13; 44/14; 61/15; 154/15 и 39/16), Советот на Општина Кочани на седницата одржана на 15.12.2017 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на организирање на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани

### Член 1

Со овој правилник се пропишуваат поблиските услови за начинот на организирање на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани, начинот на формирање на организационен одбор за организирање на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани, начинот и условите за доделување на награда за избор на најуспешен земјоделец –производител на ориз на општина Кочани, начинот на доделување на други пригодни награди и подароци во рамки на манифестацијата, начинот на избор на жетварска убавица на општина Кочани, вклученоста на општинската администрација во организирањето на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани и организирањето на културни настани во рамки на манифестацијата.

### Член 2

За организирање на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани се формира организационен одбор, кој го избира Градоначалникот на Општина Кочани за што донесува одлука.

Членовите на организациониот орбор го сочинуваат претставници од вработени лица во општинската администрација, а може да вклучува и надворешни лица од областа на културата и земјоделието и истиот брои максимум до 10 лица.

На членовите на организациониот орбор за организирање на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани не се плаќа посебен надоместок.

### Член 3

Организациониот одбор го претставува и застапува претседателот на организациониот одбор кој раководи со работата на организациониот одбор и е од општинската администрација.

Во случај на спреченост на претседателот на организациониот одбор го заменува член од организациониот одбор по предлог на претседателот на организациониот одбор, а од редот на вработените во општинската администрација.

Организациониот одбор работи на состаноци кои ги свикува претседателот на организациониот одбор или лицето кое го заменува, по сопствена иницијатива и/или по барање на Градоначалникот, Секретарот на Општина Кочани или на писмено барање на најмалку 3 члена на одборот.

Организациониот одбор може да работи ако на состанокот присуствуваат мнозинство од вкупниот број членови, а присуството се евидентира со потпишување на список на присутни.

Организациониот одбор одлучува со мнозинство гласови на присутните членови.

Документите кои можат да произлезат од работата на организациониот одбор се: записници, извештаи, предлози, иницијативи, заклучоци, известувања, барања, објави/огласи, дописи, преписки и сл.

Документите кои ќе произлезат од работата на организациониот одбор ги потпишува претседателот на организациониот одбор или лицето кое го заменува.

За својата работа организациониот одбор води записници и извештаи кои ги поднесува до Градоначалникот.

Член 4

Организациониот одбор во соработка со Одделението за јавни дејности при Општина Кочани има задача да ја организира културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани во рамките на планираните буџетски средства и во согласност со Програмата за култура на Општина Кочани.

Организациониот одбор нема право да донесува и потпишува одлуки кои носат финансиски обврски на товар на Општина Кочани.

Член 5

Одлуки кои содржат финансиски импликации за Општина Кочани, а се поврзани со организирање на настани во рамките на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани и со доделување на парични награди и пригодни подароци донесува и потпишува Градоначалникот на Општина Кочани или од него овластено лице.

Член 6

За организирање на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани Организациониот одбор во соработка со Одделението за јавни дејности ги врши следните работи:

- ја спроведува одлуката на градоначалникот за отпочнување на постапката за организирање на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани,
- организира состаноци за подготовка и организирање на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани и дава идеи, мислења, предлози и препораки за организирање на настани во рамки на манифестацијата,
- соработува со бизнес секторот, здруженија и невладини организации и комисијата за култура при Советот на Општина Кочани,
- објавува Оглас за избор на најуспешен земјоделец на општина Кочани,
- помага при спроведување на постапката за избор на најуспешен земјоделец-производител на ориз на општина Кочани,
- утврдува критериуми за учество во постапката за избор на најуспешен земјоделец -производител на ориз на општина Кочани,
- предлага 5 (пет) члена (стручни лица) за формирање на стручна Комисија за разгледување на поднесените пријави по огласот за избор на најуспешен земјоделец-производител на ориз, како помошно тело, кое го избира Градоначалникот,
- организациониот одбор до Градоначалникот на Општина Кочани поднесува предлог за избор на најуспешен земјоделец-производител на ориз на општина Кочани врз основа на утврдената ранг листа од стручната Комисија за разгледување на поднесените пријави изготвена согласно извршеното

бодување на прифатливите пријави според утврдените Критериуми за учество во постапката за избор на најуспешен земјоделец -производител на ориз на општина Кочани.

Член 7

Општинската администрација учествува во сите активности на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани.

Во рамки на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани општинската администрација преку Одделението за јавни дејности може да организира разновидни културни програми и активности кои би имале за цел да се популаризира оризот-симболот на кочанскиот крај преку спојот на традицијата, духовното и материјалното културно наследство со современието.

Општинската администрација, преку Одделението за јавни дејности ги врши следните активности:

- организира и други разновидни културни активности во рамки на манифестацијата со содржини од натпреварувачки карактер (например избор на најдобра фотографија, избор на најдобро дело од ликовна колонија, избор на најдобро јадење од ориз, најдобро претставена маса со традиционални кочански специјалитети и сл.)  и до Градоначалникот поднесува предлог за избор на најдоброто  дело или најдобро претставениот  кандидат/учесник или група, а на добитникот му се доделува симболична награда (благодарница, плакета, прикладен поклон или сувенир) или симболична парична награда одобрена од Градоначалникот со писмена одлука,
- објавува огласи и соопштенија во локалните медиуми, на огласна табла на општината и на веб страната на општината за организирање на културни настани во рамки на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани,
- го организира настанот „Избор на жетварска убавица на градот Кочани“ и
- врши други работи во рамки на манифестацијата „Денови на кочанскиот ориз“ со цел постигнување на повисок културен развој и популаризам на манифестацијата на локално, регионално и меѓународно ниво.

Член 8

Одлука за отпочнување на активности за организирање на културната манифестација „Денови на кочанскиот ориз“ во општина Кочани и за формирање на организационен одбор донесува Градоначалникот на Општина Кочани.

Член 9

Настанот „Избор на жетварска убавица на општина Кочани“ го организира општинската администрација.

Конкурсот за „Избор на жетварска убавица на општина Кочани“ го објавува општинската администрација.

Конкурсот се објавува на веб страната на Општина Кочани, на огласна табла на Општина Кочани и во локалните ТВ и електронски медиуми и портали и трае минимум 7 дена.

На конкурсот може да се пријават девојчиња кои се жители на општина Кочани и се на возраст од 15 до 20 години.

Општинската администрација врши претселекција на пријавените кандидатки.

Во изборот на жетварска убавица можат да учествуваат најмногу 15 девојки.

Изборот на жетварска убавица на општина Кочани го врши жири комисија составена од 5 члена, од кои претседателот е од општинската администрација, а останатите членови се претставници од областа на уметноста и убавината (стилисти).

Изборот на жетварска убавица на општина Кочани се врши со гласање на жири комисијата во два круга на следниот начин:

- првиот круг се гласа за шест девојки со бодови 2,4,6,8,10 и12.
- вториот круг се гласа за три девојки со бодови 8,10 и 12.

Девојката која ќе добие најмногу бодови се избира за жетварска убавица на општина Кочани, а останатите две девојки според освоени бодови се избираат за прва и втора придружничка на жетварската убавица.

На сите учеснички кои учествуваат во Изборот на жетварска убавица на општина Кочани се доделуват пригодни подароци, а на жетварската убавица и нејзините две придружнички Градоначалникот доделува посебни подароци.

За купување на подароци за учесничките во манифестацијата „Избор на жетварска убавица на општина Кочани" Градоначалникот донесува посебна одлука.

Вкупната вредност на подароците кои ги доделува градоначалникот на сите пријавени кандидатки за учество на манифестацијата „ Избор на жетварска убавица на општина Кочани" се определува до 20.000,00 денари.

Член 10

Огласот за избор на најуспешен земјоделец –производител на ориз на општина Кочани се објавува на веб страната на Општина Кочани, на Огласна табла на Општина Кочани и во најмалку 1 (еден) локален тв медиум и трае најмалку 7 (седум) дена.

Ако последниот ден од рокот за поднесување на пријави се паѓа во недела или е државен праник, пријави можат да се поднесат следниот работен ден до утврдениот термин (час).

Секоја пријава која е поднесена и пристигната во архивата на Општина Кочани подоцна од утврденот рок (дата и час) во објавениот Оглас, ќе се смета за задоцнета и нема да се разгледува.

Член 11

Комисијата за разгледување на поднесените пријави по објавата за избор на најуспешен земјоделец- производител на ориз ја избира Градоначалникот со посебно решение со кое ги утврдува нејзините надлежности.

Член 12

На избраниот најуспешен земјоделец - производител на ориз на општина Кочани Градоначалникот на Општина Кочани доделува парична награда во висина до 80.000,00 денари.

Износот на паричната награда од ставот 1 на овој член го определува Градоначалникот на Општина Кочани со посебна одлука.

Средствата за доделување на паричната награда на избраниот најуспешен земјоделец - производител на ориз на општина Кочани се обезбедуваат од Агенција за финансиска поддршка на земјоделието и руралниот развој, Буџетот на Општина Кочани, донации и/или од други извори на финансирање.

Наградата за избор на најуспешен земјоделец- производител на ориз на општина Кочани ја доделува Градоначалникот на Општина Кочани на предлог на организациониот одбор, а согласно изготвената ранг листа од стручната комисија, за што донесува Одлука за доделување на награда за најуспешен земјоделец -

производител на ориз на општина Кочани, врз основа на критериумите за избор на најуспешен земјоделец - производител на ориз на општина Кочани, кои се составен дел на овој правилник.

Член 13

Ако по објавениот оглас до утврдениот рок не е поднесена ниту една пријава или Комисијата утврди дека поднесената/те пријава/и не се прифатливи Градоначалникот може да ја поништи постапката.

Во случај на поништување на постапката поради неподнесување на ниту една пријава по објавениот оглас или поради поднесување на неприфатливи пријави кои не ги исполнуваат утврдените критериуми за доделување на наград, Градоначалникот може да предложи постапката за избор на најуспешен земјоделец на општина Кочани да се повтори и може да го скрати рокот на траење на огласот на минимум 3 (три) дена.

Член 14

Организациониот одбор е должен да ги извести сите пријавени кандидати за донесената одлука од Градоначалникот за доделување на награда за избор на најуспешен земјоделец- производител на ориз на општина Кочани, во рок од три дена од денот на донесување на одлуката.

Член 15

Незадоволните кандидати против Одлуката на Градоначалникот за доделување на награда за избор на најуспешен земјоделец - производител на ориз на општина Кочани имаат право на приговор само по однос на извршеното бодување и изготвената ранг листа на прифатливи кандидати.

Приговорот се поднесува до Градоначалникот во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на Одлуката за доделување на наградата за избор на најуспешен земјоделец-производител на ориз на општина Кочани.

Поднесениот приговор го разгледува организациониот одбор и поднесува извештај до Градоначалникот со предлог приговорот да се отфрли или уважи. Врз основа на поднесениот предлог од организациониот одбор, Градоначалникот во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на предлогот на организациониот одбор донесува Одлука со која приговорот го отфрла или го уважува.

Член 16

Овој правилник може да се измени и дополни само во писмена форма.

Член 17

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „„Службен гласник на Општина Кочани“..

Бр.09-2249/1
15.12.2017 година
К о ч а н и

Претседател
на Советот на Општина Кочани,
Томе Солевски